20251583485

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Врз основа на член 185 од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) и член 4 став (2) од Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/13), министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА (*)

Член 1

Во Правилникот за обновливи извори на енергија (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.186/24 и 74/25), во член 2 во ставот (3) точката 5) се менува и гласи:

„ „електроцентрала“ е постројка за производство на електрична енергија од обновливи извори, која е составена од една или повеќе генераторски единици, инвертери, соодветни објекти, внатрешни сопствени мерни уреди и опрема за управување и е приклучена на електропреносната или електродистрибутивната мрежа; “.

Точката 7) се менува и гласи:

„ „мерно место за мерење на потенцијалот на ветерот за производство на електрична енергија“ е простор во рамките на кој се поставува уред за мерење на потенцијалот на ветерот за производство на електрична енергија со припаѓачка опрема за мерење на потенцијалот на ветерната енергија, со плоштина утврдена во овој правилник;“.

Точката 8) се менува и гласи:

„ „уред за мерење на потенцијалот на ветерот за производство на електрична енергија“ е уред за мерење на потенцијалот на ветерот за производство на електрична енергија со припаѓачка опрема во чии рамки се инсталирни мерни уреди за мерење на брзината и правецот на ветерот, како и систем за евиденција на податоците;“.

Точката 11) се менува и гласи:

„ „инсталирана моќност на електроцентрала“ е збир од номиналната активна моќност на сите инсталирани електрични генераторски единици во рамки на електроцентралата или збир од номиналната активна моќност на сите инвертери инсталирани во електроцентралата при фактор на моќност cos ф = 1;“.

Точката 12) се менува и гласи:

„ „преглед на електроцентралата“ е вршење на увид на лице место на електроцентралата од страна на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини (во натамошниот текст: Министерството) и утврдување на фактичката состојба на електроцентралата врз основа на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност - производство на електрична енергија или лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност - производство на електрична енергија или лиценца за вршење на енергетска дејност - производство на електрична енергија или привремена лиценца за вршење на енергетска дејност - складирање на електрична енергија или лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност - складирање на електрична енергија или лиценца за вршење на енергетска дејност - складирање на електрична енергија и податоците содржани во Регистарот на електроцентрали кои произведуваат електрична енергија од обновливи извори на енергија;“.

(*) Овој правилник не е предмет на усогласување со законодавството на Европската Унија.

По точката 12) се додава нова точка 13) која гласи:

„13) промена на инсталирана моќност/капацитет“ е секоја промена на инсталирана моќност на електроцентрала или моќност или капацитет на складиште на електрична енергија со која се менува едновремената моќност која електроцентралата ја предава на соодветната мрежа на местото на приклучок на електроцентралата.“.

Член 2

Во член 4 во ставот (2) точката 2) се менува и гласи:

„инсталира електроцентрала што користи обновлив извор на енергија за производство на електрична енергија на градба или друга недвижна ствар на која има право на сопственост или користење, “.

Во точка 3) во алинејата 1 зборовите „6 kW“ се заменуваат со зборовите „10 kW“.

Во алинејата 2 зборовите „6 kW“ се заменуваат со зборовите „10 kW“.

Во алинејата 3 зборовите „40 kW“ се заменуваат со зборовите „70 kW“.

Член 3

Членот 6 се менува и гласи:

„(1) Мерењето на потенцијалот на ветерната енергија за определен простор за мерење се врши врз основа на одобрение за мерење (во натамошниот текст: одобрение) издадено од Министерството, по претходно поднесено барање од заинтересирано домашно или странско правно лице.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член се доставува на образец даден во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член, барателот ги доставува следните документи:

1) тековна состојба на субјектот издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија, не постара од 15 дена од денот на поднесување на барањето;

2) прелиминарна анализа на потенцијалот на планираната локација за производство на електрична енергија со конверзија на енергијата на ветерот изработена врз основа на очекувани резултати од мерењата во која се прикажуваат основните податоци за ветерната електроцентрала која би се градела, при што истата треба да содржи:

- опис на локацијата на која се планира мерење на потенцијалот на ветерната енергија за производство на електрична енергија при што опфаќа опис на пристапна и енергетска инфраструктура, близина на заштитени подрачја, како и опис на топографија и коефициент на отпор на терен на ветар,

- опфат на простор за мерење и мерно место на кое се планира мерење на потенцијалот на ветерната енергија за производство на електрична енергија дефиниран со координати на деталните точки на полигонот кој го означува опфатот на проектот дадени во Гаус – Кригерова проекција, зона 7,

- координати на ветерните агрегати дадени во Гаус – Кригерова проекција, зона 7, кои треба да се наоѓаат во опфатот на просторот за мерење на кое се планира мерењето на потенцијалот на ветерната енергија;

- координати на мерниот уред или мерните уреди дадени во Гаус – Кригерова проекција, зона 7,

- спецификација и технички опис на уредот (уредите) за мерење на потенцијалот на ветерната енергија за производство на електрична енергија и анализа на исполнетост на критериумите за поставување на мерни уреди согласно стандардот МКС EN IEC 61400,

- спецификација и технички опис на ветерните агрегати,

- првични податоци за брзината и насоката на ветрот во најмалку 12 сектори, розата на фреквенцијата на ветерот, средната густина на моќноста од виртуелни провајдери (сателитски сервиси);
- анализа на првичните виртуелни податоци и презентација на резултатите од истата и
- пресметка на бруто и нето годишно производство на електрична енергија врз основа на виртуелни податоци за ветерот, топографски карти и коефициент на отпор на терен на ветер;

3) геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени, нумерички податоци за реализација на урбанистички планови и урбанистичко-планска документација во постапките за формирање градежна парцела заради изградба на објект или поставување на уред, за откуп/закуп на градежно земјиште, приватизација на градежно земјиште со увид на лице место (за површина за поставување на мерен уред), за секој мерен уред поодделно;

4) графички приказ на опфатот на просторот за мерење во кој се планира мерење на потенцијалот на ветерната енергија за производство на електрична енергија дефиниран со координати на деталните точки на полигонот кој го означува опфатот на проектот дадени во Гаус – Кригерова проекција, зона 7 во дигитална форма во dwg формат во Гаус – Кригерова проекција, зона 7 и на топографска карта со размер 1:25000;

5) графички приказ на положбата на мерниот уред или мерните уреди дадени во Гаус – Кригерова проекција, зона 7 во кој е прикажан просторот за мерното место и просторот на кој ќе се врши мерењето во дигитална форма во dwg формат во Гаус – Кригерова проекција, зона 7 и на топографска карта со размер 1:25000 и

6) графички приказ на положбата на ветерните агрегати дадени во Гаус – Кригерова проекција, зона 7 во дигитална форма во dwg формат во Гаус – Кригерова проекција, зона 7 и на топографска карта со размер 1:25000.“.

Член 4

Во членот 7 по ставот (2) се додаваат четири нови става (3), (4), (5) и (6) кои гласат:

„(3) Одобрението за мерење може да се измени доколку носителот на одобрението ја променил диспозицијата на ветерните генератори, типот на ветерниот генератор, бројот на ветерните генератори, локацијата на мерен уред и бројот на мерни уреди, при што со измената не може да се зголеми инсталираниот капацитет на енергетскиот објект за кој е добиено одобрението, за што се поднесува барање до Министерството заедно со документацијата од член 6 став (3) од овој правилник.

(4) Барањето од ставот (3) на овој член се доставува на образец даден во Прилог 1 А, кој е составен дел на овој правилник.

(5) Доколку барањето од ставот (3) на овој член е нецелосно, Министерството ќе го извести подносителот во рок од осум дена да ја комплетира потребната документација, а во спротивно барањето се отфрла.

(6) Кога барањето и поднесената документација од ставот (3) на овој член се комплетни, од страна на Министерството се издава одобрение во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на комплетното барање.”.

Член 5

Во член 9 ставот (2) се менува и гласи:

„За поставување на уредот и опремата и започнување со мерењето, носителот на одобрението го известува Министерството, во рок од седум дена од денот на започнувањето со мерењата на потенцијалот на ветерна енергија од ставот (1) на овој член.“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Ако во рок од три години од денот на издавањето на одобрението, носителот на одобрението не поднесе барање за добивање на одобрение за градење на ветерна електроцентрала, носителот на одобрението го отстранува мерниот уред и опремата и за истото го известува Министерството.“.

По ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6) кои гласат:

„(5) Носителот на одобрението за времетраењето на мерењето, треба во рок од 15 дена да го извести Министерството, за промени на мерната опрема и измени на диспозицијата на ветерните генератори на ветерната електроцентрала која е прикажана во прелиминарната анализа од членот 6 ставот (3) точка 2) од овој правилник.

(6) Носителот на одобрението на месечно ниво треба до Министерството да ги достави необработените податоци на мерните уреди и опрема во електронска форма на е-маил адреса: cabinet@energy.gov.mk.“.

Член 6

Во член 10 ставот (2) се менува и гласи:

„Мерењето на потенцијалот на ветерот се врши на простор за мерење чија плоштина се утврдува врз основа на доставената прелиминарна анализа на потенцијалот на планираната локација за производство на електрична енергија со конверзија на енергијата на ветерот, планираната инсталирана моќност на ветерната електроцентрала на определена локација и доставените графички прикази од членот 6 став (3) точки 4), 5) и 6) од овој правилник. Максималната плоштина на просторот за мерење се утврдува на 0.3 km2 за 1 MW инсталирана моќност на електроцентралата.“

Во ставот (4) зборовите „300 m“ се заменуваат во зборовите „900 m“.

Во ставот (5) во точката 1) зборовите „300 m2“ се заменуваат во зборовите „16000 m2“.

Во точката 2) зборовите „50 m“ се заменуваат во зборовите „200 m“.

Член 7

Во член 12 во ставот (4) точката 9) се менува и гласи:

„информации дали производителот за електроцентралата користи инвестициска или друг тип на поддршка (грантови, субвенции, даночни олеснувања, повластени тарифи, премии и слично) и“.

Член 8

Во член 14 ставот (2) се менува и гласи:

„Кон барањето од ставот (1) на овој член, барателот ги доставува следните документи:

1) лиценца за пробна работа за вршење енергетска дејност - производство на електрична енергија или лиценца за вршење на енергетска дејност - производство на електрична енергија;

2) топографска карта во размер 1:25.000 во која е вцртана локацијата на електроцентралата во дигитална форма (dwg или pdf);

3) ситуација на електроцентралата со приказ на основните објекти на електроцентралата и шематски приказ на основната опрема и

4) тековна состојба на субјектот издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија, не постара од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето.

Во ставот (3) точката 1) се менува и гласи:

„член 11 став (2) точка 4) на овој правилник, барателот доставува само договор за приклучок склучен помеѓу производителот и операторот на електродистрибутивниот систем со документ контрола на мерно место, со кои се потврдува дека постројката за производство е поврзана со електродистрибутивниот систем и “.

Ставот (4) се брише.
Ставот (5) станува став (4).

Член 9

Прилогот 1 се заменува со нов Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 02-3643/1
1 август 2025 година
Скопје

Министер за енергетика, рударство
и минерлани суровини,
Сања Божиновска, с.р.

ПРИЛОГ 1

ОБРАЗЕЦ НА БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА МЕРЕЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛОТ НА ВЕТЕРНАТА ЕНЕРГИЈА

1. Податоци за барателот	
1. Назив	
2. Адреса на седиште	
3. ЕМБС	
4. Телефонски број	
5. Адреса на е-пошта	
6. Име и презиме на лицето за контакт	
2. Податоци за мерното место	
1. Локација на мерното место	
1.1. Општина	
1.2. Катастарска општина	
1.3. Катастарска парцела	
1.4. Плоштина на мерното место во m^2	
3. Податоци за просторот за мерење	
1. Плоштина на просторот за мерење	
2. Вкупна очекувана номинална активна моќност во MW на сите електрични генераторски единици (ветерни турбини) инсталирани во електроцентралата	
2.1. Број на генераторски единици	
2.2. Моќност на генераторски единици	
3. Планирано годишно производство на електрична енергија во MWh	
4. Дали идната ветерна електроцентрала се наоѓа во заштитено подрачје? **Ако ДА, се наведува називот на подрачјето**	

Изјава на подносителот на барањето

Изјавувам под полна морална, материјална и кривична одговорност дека податоците наведени во ова Барање и приложената документација се точни и веродостојни и во целост одговараат на фактичката состојба.

Место и датум

Одговорно лице

Име и презиме

Функција

Потпис (Своерачен или електронски во зависност од формата во која се поднесува барањето)

ПРИЛОГ 1А

ОБРАЗЕЦ НА БАРАЊЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА МЕРЕЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛОТ НА ВЕТЕРНАТА ЕНЕРГИЈА

1. Податоци за барателот	
1. Назив	
2. Адреса на седиште	
3. ЕМБС	
4. Телефонски број	
5. Адреса на е-пошта	
6. Име и презиме на лицето за контакт	
2. Податоци за мерното место	
1. Локација на мерното место	
1.1. Општина	
1.2. Катастарска општина	
1.3. Катастарска парцела	
1.4. Плоштина на мерното место во m^2	
3. Податоци за просторот за мерење	
1. Плоштина на просторот за мерење	
2. Вкупна очекувана номинална активна моќност во MW на сите електрични генераторски единици (ветерни турбини) инсталирани во електроцентралата	
2.1. Број на генераторски единици	
2.2. Моќност на генераторски единици	
3. Планирано годишно производство на електрична енергија во MWh	

Изјава на подносителот на барањето

Изјавувам под полна морална, материјална и кривична одговорност дека податоците наведени во ова Барање и приложената документација се точни и веродостојни и во целост одговараат на фактичката состојба.

Место и датум

Одговорно лице

Име и презиме

Функција

Потпис (Своерачен или електронски во зависност од формата во која се поднесува барањето)